## Како да поднесам извештај за ризик од значително наштетување (Risk of Significant Harm - RoSH)?

Детето е изложено на ризик од значително наштетување ако во значителна мера се присутни околности што предизвикуваат загриженост за безбедноста, здравјето или добросостојбата на детето.

RoSH извештаите се поднесуваат на Министерството за заедници и правда (DCJ) Дежурна линија 24 часа: Телефон 132 111.

Пријавувачите треба најнапред да го прочитаат Водичот за задолжителни пријавувачи (Mandatory Reporters Guide - MRG), кој е онлајн алатка подготвена од Владата на Нов Јужен Велс за да ви помогне да утврдите дали предметот на вашата загриженост претставува RoSH. https://reporter.childstory.nsw.gov.au/s/mrg

Ако сте свесни дека некое дете е во непосредна опасност, јавете се на Три Нули „000".

Исто така може да се јавите за совет на Канцеларијата за заштита (Office of Safeguarding).



## Помош за семејства – Кризи

**Домашно насилство:** 1800 671 442 (24 часа)

**1800RESPECT (Домашно насилство и сексуален напад - 24 часа):** 1800 737 732

**Линија за ментално здравје:** 1800 55 1800

**Link2Homelessness:** 1800 152 152

**Lifeline:** 131 114

## Помош за семејства – Не во кризи

**Линија за родители:** 1300 130 052

**Relationships Australia:** 1300 364 277

**Контактен центар за домување и линија за информации за Абориџини:** 1800 422 322

**Family Referral Service:** 1300 006 480

Office of Safeguarding
DIOCESE OF MAITLAND-NEWCASTLE


**Канцеларија за заштита**
**Диоцеза на Мејтланд-Њукасл**

50 Crebert Street, Mayfield NSW 2304
PO Box 152, Mayfield NSW 2304
**Телефон** 02 4979 1390
**Имејл** childprotection@mn.catholic.org.au
**www.officeofsafeguarding.org.au**


30496

Office of Safeguarding
DIOCESE OF MAITLAND-NEWCASTLE



# Пријавување на злоупотреба и запоставување

## Информации за родители, негуватели и други возрасни лица

www.officeofsafeguarding.org.au



## Посветеност на Диоцезата на заштитата

Католичката диоцеза на Мејтланд-Њукасл е трајно и долгорочно посветена на унапредувањето на безбедноста, благосостојбата и добросостојбата на децата. Канцеларијата за заштита (Office of Safeguarding - OoSG) е организациски израз на Диоцезата на нејзината посветеност.

Во Нов Јужен Велс, задолжителните пријавувачи имаат законска обврска да му пријават на Министерството за заедници и правда (DCJ) сомневање за ризик од значително наштетување (RoSH).

Задолжителен пријавувач е лице кое во својата професионална работа или во друг платен работен однос пружа здравствена нега, добросостојба, образование, услуги за деца, резиденцијални услуги или спроведување на законот, целосно или делумно, на деца. На 1 март 2020 групите на задолжителни пријавувачи во Нов Јужен Велс се прошириja за исто така да вклучуваат:

- верско лице или лице кое обезбедува активности на верска основа на деца (платено или неплатено)
- регистриран психолог кој дава професионални услуги како психолог.

## Што е злоупотреба и запоставување на деца?

**Запоставување** –
е кога родител или давател на нега не обезбедува основни животни потреби како што се храна, облека, сместување, образование, медицинска нега и соодветно надгледување.

**Сексуална злоупотреба** –
е кога некој вклучува дете или младо лице во сексуална активност користејќи ја својата надмоќ над нив или злоупотребувајќи ја нивната доверба.

Сексуалната злоупотреба може да вклучува неконтактни форми како што е изложување на дете на порнографија, или контактни форми како што се бакнување, сексуално допирање или пенетрација.

Тоа исто така може да вклучува проблематично или штетно сексуално однесување меѓу врсници.

**Физичко малтретирање** –
е наштетување на дете предизвикано од неслучајни акции на родител или друго лице одговорно за нега на детето. Физичкото малтретирање вклучува постапки како што се тепање, тресење, давење, намерно горење и женско генитално сакатење.

Во Нов Јужен Велс телесното казнување може да претставува физичко малтретирање ако детето е удрено над рамењата или постои долготрајна повреда или белег на било кој дел на телото.

**Психолошко наштетување** –
може да се случи кога однесувањето на родителот или на давателот на нега им наштетува на самодовербата и самочувството на детето. Тоа може да вклучува отфрлање, изолација, тероризирање, игнорирање или корумпирање на детето, вербално малтретирање или омаловажување. Можно е еден инцидент да предизвика психолошко наштетување, но почесто тоа е резултат на однесување што е често и постојано со текот на времето.

**Изложеност на домашно или семејно насилство** –
се случува кога детето е сведок на физичко малтретирање, сексуална злоупотреба или психолошко тормозење на родител или брат/сестра, или кога насилничкото однесување на едно лице повредува други лица или имот.

## Обврски на доброволците

Некои доброволци, особено во парохиите, се законски обврзани да пријават наводна злоупотреба или запоставување. Бискупот Бил Рајт изјави дека сите работници во Диоцезата, вклучително доброволците, имаат морална обврска да водат сметка за сигурноста на децата и на ранливите возрасни.

## Мислам дека некое дете е злоупотребено

Ако сте загрижени дека некое дете е злоупотребено или запоставено, ве молиме разговарајте за тоа со лице на соодветна функција - учител, помошник директор или директор на католичко училиште, "case coordinator" или "casework manager" во CatholicCare.

## Загрижен сум поради однесувањето на работник на Диоцезата

Ако ве загрижува однесувањето на некој работник на Диоцезата, известете го менаџерот на соодветната служба или парохискиот лидер, кој потоа ќе го извести OoSG. Запамтете, вие може да контактирате директно со OoSG.

